РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1853/2
10-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-та седница одржано на ден 02.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1853/1 од 10.05.2021 година доставена до ДКСК од познат подносител **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што пријавата се однесува на општи констатации и не содржи наводи упатени кон институции и службени лица.

Предметот по пријавата со број 12-1853/1 од 10.05.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител - ----------- -----------------, на ден 10.05.2021 година, поднесена е пријава со наводи за неможност од остварување на права од областа на професионален кариерен развој и со општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности по однос на процесот на вработување на директори.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК констатира дека пријавата се однесува на општи констатации и не содржи наводи упатени кон институции и службени лица, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до: Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К.Н.,член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk